АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

Врз основа на член 22, став 1 алинеја 27 од Статутот на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје(пречистен текст), Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, на својот **82-ри редовен состанок** одржан на **07 март 2022 година** донесе

# ОДЛУКА

за усвојување на Политика за користење на колачиња (cookies)

**Член 1**

Се усвојува Политиката за користење на колачиња (cookies) за web страната на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

**Бр.02-1783/13-1**
**07 март 2022 година**
**Скопје,**

**Одбор на директори**
**Претседавач**
**Силвана Јовческа**

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

# Политиката за користење на колачиња (cookies)

Политиката за користење на колачиња (cookies) го уредува начинот на користење на колачињата.

Оваа Политика за користење колачиња (Cookies) се однесува единствено за заштитата на приватноста на личните податоци при посетата/регистрацијата на интернет страницата www.adsdp.mk (во понатамошниот текст–страницата) и не се однесува за личните податоци што се собираат на други начини, ниту на Вашата посета на другите интернет страници до кои пристапувате преку нашата страница.

Оваа веб-страница www.adsdp.mk користи cookies, кои ни помагаат да Ви обезбедиме пријатно искуство кога пребарувате низ нашата веб-страница, но исто така допринесуваат да го подобриме нашиот веб портал.

Колачињата (cookies )претставуваат мали датотеки кои се чуваат на Вашиот веб пребарувач, или на хард дискот на Вашиот компјутер, се разбира, доколку се согласите.

Продолжувајќи да пребарувате низ нашата веб-страница, Вие се согласувате со нашата политика за колачиња( cookies).

**Што претставуваат колачињата/cookies?**

Колачињата (cookies) се мали текстуални датотеки кои се сместуваат во Вашиот компјутер или мобилен телефон од страна на веб страницата која ја посетувате.

Овие текстуални датотеки можат да бидат прочитани од страна на веб страниците кои ги посетувате и да помогнат во Вашата идентификација кога повторно ќе ја отворите веб страницата. Овие текстуални датотеки можат да бидат „постојани" или „привремени".

Постојаните колачиња (cookies) остануваат на Вашиот компјутер и кога ќе го исклучите пребарувачот (ќе преминете во офлајн состојба), додека привремените се бришат штом го затворите интернет пребарувачот.

Колачињата (cookies) се користат за повеќе цели, како на пример за да се запомнат Вашите активности и преференции (вклучувања, јазични преференции, големина на фонт или како да ви се прикажува страницата), за да се обезбеди персонализирана/приспособена содржина на веб страницата и да се прикаже навигациската историја на истата.

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

**Зошто користиме колачиња (cookies)?**

АДИССДП користи колачиња (cookies) од следниве причини:

- За техничко функционирање на веб страницата;
- За собирање на збирни и анонимни статистички податоци;
- За да ги запомниме Вашите преференции како да се прикажува страницата (преференции за параметрите на екранот), како на пример контрастот на бојата или големината на фонтот;
- За да запомниме/да се потсетиме, дали се согласувате (или не) со нашето користење на колачиња (cookies) на оваа веб страница.

Кога ја посетувате нашата веб страница, можеме да собереме некои податоци од Вашето пребарување, како на пример IP адресата, која содржина од веб страницата на www.adsdp.mk сте ја посетиле, кога сте ја посетиле и од која веб страница сте биле пренасочени.

Кога ја посетувате нашата веб страна користиме услуги да собереме стандардни информации за пристапот и детали за однесувањето на посетителите, но на начин без да може некој да биде идентификуван, ниту е овозможено Google да ги открие идентитетот на оние кои ја посетиле нашата веб страна.

Податоците претставуваат статистички показатели кои се користат заради подобрување на квалитетот на интернет страницата.

Таквите информации може да ги вклучуваат името на пребарувачот на интернет, број на посети, просечно време поминато на страната, типот на уреди, како и технички информации за конекцијата што ја користи корисникот при посета на интернет страницата, како што се оперативен систем и испорачувачот на интернет-услугата, IP (интернет протокол) адреси кои се доделуваат од страна на интернет провајдерите и се различни за секој корисник на интернет и слични информации.

**Контрола на колачињата**

Информациите поврзани со колачињата (cookies), не се користат за Ваше лично идентификување. Прифаќањето на овие колачиња (cookies) не е неопходно за работа на веб страницата, но истите би Ви овозможиле подобро искуство во пребарувањето. Доколку сакате овие колачиња (cookies) можете да ги избришете или блокирате, но ако го сторите тоа некои карактеристики на оваа веб страна можеби нема да работат правилно.

Можете да ги избришете сите колачиња (cookies) кои веќе се наоѓаат на Вашиот компјутер и можете да ги подесите поголемиот дел од пребарувачите за нивно спречување.

Доколку го сторите ова, можеби ќе има потреба рачно да ги прилагодувате преференциите секој пат кога посетувате веб страна, а исто така можно е да не работат и некои услуги и функционалноста.

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

**Какви колачиња/cookies користиме ?**

**Строго потребни cookies**. Ова се cookies кои се потребни за функционирање на нашата веб-страница. Тие вклучуваат cookies кои Ви овозможуваат да влезете во безбедни области на нашата веб-страница.

**Cookies за аналитика/перформанси.** Овие cookies ни овозможуваат да го препознаеме и броиме бројот на посетители на нашата веб-страница , но и да видиме на кој начин посетителите ја користат нашата веб-страница.

**Функционални cookies**. Овие cookies се користат за да Ве препознаат кога ќе се вратите на нашата веб-страница. Овие cookies исто така ни помагаат да ја персонализираме содржината за вас и вашите преференции.

**Cookies за таргетирање**. Овие cookies ја забележуваат Вашата посета на нашата веб-страница, страниците што сте ги посетиле, но и линковите кои ги следите.

**Прифаќање на условите**

Корисникот има можност да даде согласност на веб страницата за користење на „колачиња" (cookies) или да го одбие истото.

Со користење на колачињата (cookies) корисникот се согласува со одредбите од оваа Политика за колачиња (cookies).

Вашето континуирано користење на веб страницата следејќи ги промените на оваа Политика ќе се смета за ваше прифаќање на дадените промени.

Доколку не сакате да користиме колачиња (cookies) како што е наведено погоре, или ако се премислите откако ќе се согласите со нашата употреба на колачиња (cookies), можете истите да ги избришете преку вашиот пребарувач.

Ако ги користите подесувањата на Вашиот пребарувач за да ги блокирате сите колачиња (cookies) (вклучувајќи ги и основните cookies), делови од нашата веб-страница, може да не работат.

**Бр.02-1783/13-2**
**07 март 2022 година**
**Скопје,**

**Одбор на директори**
**Претседавач**
**Силвана Јовческа**